
Царство
од злато
Восхитувачка
авантура
Водич низ Библијата

Кога шпанските истражувачи пристигнале во Јужна Америка, во 1500-тите, тие слушнале фантастични легенди за некое царство, целото од злато. Ова митско царство брзо станало познато како Ел Дорадо, и во текот на стотици години многу авантуристи исчезнале во потрага по оваа сјајна империја. Но, иако некои истражувачи нашле злато и други богатства, легендата за Ел Дорадо и натаму останува мистерија.

***Како би ти се допаднало да откриеш царство од злато?***

Англичанецот Хауард Картер дојде многу блиску до таа цел. Тој трагаше во Египет по исчезнатата гробницата на древниот фараон Тутанкамон. Царот Тут, како што е попознато, бил млад цар кој живеел околу 1300 години пред Христа.



По осум години трагање, во ноември 1922 година, египетските работници на Хауард Картер открија мистериозни скалила што водеа надолу, под земја, до една запечатена  врата.

Пробивајќи ја запечатената врата, Картер најде ходник исполнет со камења и шут. По расчистувањето на урнатините, тој најде уште една запечатена врата, но оваа беше означена со царското име на Тутанкамон!

Што ли ќе има внатре? Впрочем, таа врата не била отворана повеќе од 3300 години!

Со растреперени раце, Картер направи мала дупка во ѕидот, подаде свеќа и се обиде да погледне внатре. Кога неговите очи се адаптираа на слабата светлина, тој здогледа статуи на чудни животни, вонредни и убави предмети, и злато... *насекаде блескање на злато!*

По долга тишина, оние што стоеја зад него со нетрпение го прашаа дали може да види нешто. „Да“, рече Картер, „прекрасни нешта!“

Богатството на другите цареви на Египет, во најголем дел било ограбено од нивните гробници, но гробницата на царот Тут беше сè уште исполнета со богатства! Тие дури ја пронајдоа и мумијата на царот Тут погребана во златна соба, сместена во четири златни саркофази, и бесценетата златна маска со неговиот лик.

Исто така, имаше златни столици, кревети, накит, ножеви и многу други скапоцени предмети погребани со него.

Младиот цар Тут не бил многу познат или посебно богат фараон. Можеш ли тогаш да си замислиш колку биле богати фараоните што ги изградиле пирамидите? Тие сигурно живееле во царство од злато!

Богатствата што ги пронајде Картер се едни од најголемите откритија во современата историја, но тој не успеа да ги задржи; нив ги зеде египетската влада. Сепак, Картер рече дека денот кога го пронашол богатство бил најпрекрасниот ден во неговиот живот.

Дали знаеш дека твојот најпрекрасен ден е сè уште во иднината? Тоа ќе биде денот кога ќе истражуваш град од злато поспектакуларен од сè што е досега откриено. Тој ден ќе биде твојот прв ден во рајот!



Ајде да се нурнеме во Божјиот збор, да ја започнеме нашата восхитувачка авантура и да го откриеме ова вистинско царство од злато, кое Бог го подготвил за своите деца.

Се разбира, треба прво да се помолиме, барајќи Бог да го води нашето трагање.

„Драги Господе, сакам да дознаам повеќе за твоето царство од злато. Те молам, помогни ми да го откријам тоа во твојот Збор. Во името на Исус те молам. Амин.“



# 1 Како изгледа Божјото царство? Дали навистина тоа е град од злато?

Одговор: *„Бог не се срами од нив, да се нарече нивни Бог, зашто им приготвил град“ (Евреите 11,16). „Нејзиниот ѕид беше изграден од јаспис, а градот од чисто злато, како чисто стакло... И градската улица беше од чисто злато како проѕирно стакло“ (Откровение 21,18.21).*

Да! Божјото царство навистина има град направен од *„чисто з__________ како проѕирно с__________.“* Овој град е изграден за нас и ќе стане дом на спасените. Замисли си да живееш во град чии улици не се направени од асфалт, туку од чисто блескаво злато!

## Да погледнеме некои други восхитувачки карактеристики на овој златен град!

А) Ѕидовите околу Божјиот град никогаш нема да остарат, напукнат ниту паднат. Зошто? Твојата куќа веројатно има бетонски темели, но Божјиот златен град има 12 темели, сите изработени од ретки скапоцени камења! Боите на овие скапоцени камења ќе прават да изгледа како градот да лебди на стаклено виножито. (Види Откровение 21,19.20!)



Б) Колкав е Божјиот град? Доволно е голем да ги прими сите што сакаат да бидат таму! Откровение 21,6 вели дека градот е со квадратен облик и секоја негова страна е околу 600 километри долга. Овој град е поголем од целата држава Орегон!

### Брзи факти



Од сите благородни метали, чистото злато е најлесно за обликување. Искусен златар може златото да го искова во тенок, проѕирен лист со дебелина од само два милионити дела од сантиметарот. Ова значи дека 28 грама злато може да се искова во тенок лист, доволно голем да покрие тениско игралиште!

**Клуч:**

| | |
|---|---|
| А | О |
| Б | К |
| В | П |
| Г | Л |
| Д | И |
| Ѓ | Д |
| Е | С |
| Ж | Ј |
| З | Ш |
| Ѕ | Ж |
| И | У |
| Ј | Љ |
| К | Ц |
| Л | Ф |
| Љ | Г |
| М | Т |
| Н | Џ |
| Њ | Ѓ |
| О | Е |
| П | Б |
| Р | Х |
| С | Ќ |
| Т | М |
| Ќ | Ѕ |
| У | А |
| Ф | З |
| Х | Р |
| Ц | Њ |
| Ч | Н |
| Џ | Ч |
| Ш | В |

Подолу, имаш список на работи што можеме да очекуваме да ги најдеме на небото. О, но тие се кодирани! За да го решиш кодот, погледни ја колоната со букви во горниот десен агол. Најди ја буквата од кодираниот збор во ЛЕВАТА колона и замени ја со буква од ДЕСНАТА колона за да дознаеш колку ќе биде убаво небото. (**Забелешка:** Одговорите се наоѓаат во различни текстови од Библијата кои ги има на овие страници).

1. Лхои еи шфоме __________________
2. Жуи еи љоќбуќ __________________
3. Афуњу еи шфоме __________________
4. Лефст у пуќец ѓуи __________________
5. Љолџсме с ќпсмфуџомо __________________



**Одговор:** 1. Град од злато 2. Ѕид од јаспис 3. Улици од злато 4. Голем и висок ѕид 5. Јагнето е светлината



**Брзи Факти**

Најголемиот бисер во светот е проценет на речиси 50 милиони евра. Тој бил изваден од џиновска школка на брегот на Палаван во 1934 година. Има пречник од 24 сантиметри и тежи повеќе од 6 килограми!

**В)** На *„големиот и висок ѕид“* околу градот има 12 порти, по три на секоја страна од градот. Секоја од блескавите порти е направена од еден бисер (Откровение 21,21). Никој во целата историја нема видено таков огромен бисер!

**Г)** ***„И на градот не му е потребно сонцето, ниту месечината, за да му светат, зашто Божјата слава го осветлува, а Јагнето му е светилник“ (Откровение 21,23).*** Славата која што зрачи од Царот Исус ќе сјае и блеска низ целиот град. Замислете, град поголем од 34 000 квадратни километри, ќе биде осветлен од Божјата слава, која ќе се одразува од ѕидовите од јаспис, од златните улици и темелите од скапоцени камења!

**Брзи Факти**



Најголемите ѕвезди во нашата галаксија, Млечниот Пат, се и до 100 пати поголеми од нашето Сонце, кое, пак, е 300 милиони пати поголемо од Земјата! Овие ѕвезди се неверојатно светли и сјаат со интензитет милион пати посилен од нашето Сонце. Тие се толку врели што изгледаат сини по боја, според која го добиле името „сини суперџинови“.

## 2 Што ќе се случи со сиот грев и зло на оваа Земја?

Одговор: ***„Небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии ќе се распаднат и земјата ќе изгори со сите дела што се во неа“ (2. Петрово 3,10). „Горделивите и злосторниците ќе бидат како плева: денот кој наближува, ќе ги изгори“ (Малахија 4,1).***

Библијата вели дека оваа стара Земја ќе биде „__________“. Сиот грев и грешниците, вклучувајќи го сатаната и неговите ангели, ќе бидат целосно уништени. Нема да има вечен пеколен оган во кој злите би страдале засекогаш, затоа што Библијата учи дека безбожниот ***„веќе ќе го нема“ (Псалм 37,10).*** Бог ќе го искористи овој оган за да ја исчисти Земјата. Тоа ќе биде крај на сè што е зло.

Замисли си само: нема повеќе тага, страдања, болести и смрт - зар тоа не е добра вест? (Откровение 21,4).



## Брзи Факти

Најтешката градба која некогаш е преместена е зградата Фу Ганг во Кина. Таа беше успешно преместена на 10 ноември 2004 година. Зградата тежи повеќе од 15 000 тони и висока е повеќе од 9 спрата! Беа потребни цели 11 дена за зградата да се помести само 35 метри.

## 3 Што ветил Бог дека ќе направи потоа?

Одговор: ***„А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, во кои пребива правдата“ (2. Петрово 3,13). „Првото небо и првата земја поминаа“ (Откровение 21,1).***

***Зар не сакаш да бидеш присутен кога Исус ќе создава ново, совршено небо, Земја и сè што е во нив?***

Како ли ќе изгледа да се биде покрај Исус кога Тој ќе ја создава ***„н______ Земја“***? Замисли си го како извикува: ***„Нека изникне земјата со зеленило... со плодоносно дрво... и птици нека летнат над земјата... Земјата нека произведе живи суштества“ (1. Мојсеева 1,11.20.24).*** Потоа одеднаш трева, дрвја, птици и безброј видови величествени животни се појавуваат пред твоите очи. Тој може дури да создаде нов вид животно, само за тебе! Зар тоа нема да биде нешто?



## 4 Дали овој златен град ќе биде на небото или на Земјата?

Одговор: ***„Тогаш јас, Јован, го видов Светиот Град - Новиот Ерусалим, како слегува од небо, од Бога“ (Откровение 21,2). „Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата!“ (Матеј 5,5).***

Одговорот е: и таму - и таму! Градот наречен „Нов Ерусалим“ почнува на небото. Ние ќе го видиме и ќе живееме во него, кога Исус ќе ги земе праведните на небото при неговото второ доаѓање. Тој им кажал на своите ученици: ***„Да не се вознемирува вашето срце... Во Домот на мојот Татко има многу живеалишта; ако не беше така, Јас ќе ви кажев, зашто одам да ви приготвам место. И кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам при себе, за да бидете и вие каде што сум и јас“ (Јован 14,1-3).***

Потоа, откако ќе поминат 1 000 години на небото, Исус ќе го спушти градот ***„долу од н________“*** на овој свет, кој ќе биде одново создаден. Новиот Ерусалим ќе биде живеалиште на Бога, на неговите деца и ќе стане новиот главен град на целата вселена! (Откровение 21,1-30).

**Во 2. Петрово 3,10 и Малахија 4,1 пишува дека неки работи ќе бидат уништени во „денот што доаѓа“. Погледни ги прво стиховите (на страна 5) и наброј ги сите тие нешта.**

1. Н _ _ _ _ _ _ _
2. В _ _ _ _ _ _ _ _ _  _ _ _ _ _ _ _
3. З _ _ _ _ _ _
4. Г _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
5. З _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

**Потоа, во низата букви долу, пречкртај ги САМО зборовите што ги има во листата погоре.**

НЕБЕСАТАНОВЖАРЕНИТЕВАСТИХИИТАЗЕМЈАТАЗЕМГОРДЕЛИВИТЕЈАЗЛОСТОРНИЦИТЕ

**Што ќе остане?** _ _ _ _ _ _  _ _ _ _ _

## 5 Што е најпрекрасното нешто во Божјето царство?

Одговор: ***„И чув силен глас од небото, велејќи: ’Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ, и Самиот Бог ќе биде со нив’“ (Откровение 21,3). „И престолот на Бога и на Јагнето ќе биде во неа... и ќе го гледаат неговото лице“ (Откровение 22,3.4).***

Бог, лично, ќе живее ___ нас! Неговиот престол ќе биде меѓу нас засекогаш! Поради гревот, ние сме биле одделени од Бога, но со прифаќањето на Исус како наш Спасител, може да ни биде простено и, еден ден, ќе го гледаме Бога лице в лице.

Замисли си го тоа! Истиот Исус, кој одеше со апостолите, сега ќе живее со нас. Тој нема де биде само дух, ниту, пак, ние. На небото ќе имаме вистинско тело (Филипјаните 3,20.21). По неговото воскресение, Исус рече: ***„Допрете ме и видете, зашто духот нема месо и коски, а како што гледате јас имам“ (Лука 24,39).*** Божјето царство од злато е вистинско место, исполнето со луѓе од крв и месо, и ние ќе живееме во него. Колку радосно време ќе биде тоа!

**Одговор:** Небесата, вжарените стихии, земјата, горделивите, злосторниците. НОВАТА ЗЕМЈА.

# 6 Кои други прекрасни нешта планира Бог за своето ново царство?

Одговори: **А) Големи промени во природата... и храна.** ***„Ново небо и нова земја… и море немаше веќе“ (Откровение 21,1). „Ќе се развесели пустината и сувата земја, и ненаселената земја ќе се зарадува и ќе расцути како крин“ (Исаија 35,1).***

Новиот свет нема да биде поделен со големи океани. Нема да има пустини, туку секое место ќе биде како цветна градина која никогаш нема да престане да цвета. Насекаде ќе биде прекрасно.

***„Среде нејзината улица и од двете страни на реката: дрвото на животот, кое раѓа дванаесет плодови, кое секој месец го дава својот плод“ (Откровение 22,2). „И да набере од дрвото на животот па да јаде и да живее вечно!“ (1. Мојсеева 3,22).***

Прекрасното ***„дрво на ___________,“*** кое Адам и Ева го изгубија со напуштањето на едемската градина, ќе биде таму. Ова фантастично дрво расте од двете страни на реката и се спојува во едно стебло над реката. Тоа раѓа секој месец поинаков вид плодови. Зар не би сакал да имаш такво дрво во својот двор?

**Б) Нема да има ништо што би повредило некого.** ***„А градските улици ќе се исполнат со момчиња и девојчиња, кои ќе играат по неговите улици“ (Захарија 8,5).***

Ќе биде безбедно да си играш по улиците на овој град. Нема никаква опасност... и ќе има многу пријатели со кои ќе можеш да си играш.

***„Волкот и јагнето ќе пасат заедно, лавот ќе јаде слама како говедото“ (Исаија 65,25). „Мало детенце ќе ги води. Кравата и мечката ќе пасат заедно… Доилче ќе си игра над дупката на змијата… Не ќе се прави повеќе зло, не ќе се опустува на сета моја света гора“ (Исаија 11,6–9).***

Ауу! Бог сака да знаеме колку совршено поинаква ќе биде неговата нова Земја од оваа сега. Ќе можеш да водиш лав, како кученце. Нема да ти биде страв ни дури да си играш близу до живеалиштето на змијата. Никој нема да ***„прави повеќе з_____“*** таму.

***„Веќе не ќе се слуша за насилство во твојата земја. Ни за… разурнување на твое подрачје“ (Исаија 60,18).*** Нема да има повеќе криминал, ниту разорни бури кои уништуваат домови и во кои гинат луѓе, како што има денес.



## Брзи Факти

Малата Туке, африканска лавица, која живееше во една зоолошка градина, беше посвоена од од страна на Џорџ и Маргарет Вебстер и беше одгледана на нивниот ранч во Калифорнија. Таа целиот живот воопшто не вкусила месо. Всушност, нејзините сопственици истрајно се обидувале да го охрабрат своето необично милениче да развие желба за месо, но Малата Туке не сакала ни да го допре месото, ниту пак да гризе коска. Таа била сосема задоволна со исхраната од варени житарки, живи јајца и млеко. На четири години Малата Туке тежела 160 килограми. Посетителите на ранчот од 40 хектари, биле воодушевени од глетката - возрасен лав како мирно се движи помеѓу овците и говедата, па дури и пасе од високата трева во полето. Библијата вели дека еден ден, секој лав ќе биде вегетаријанец.

Ако лавот Туке можеше да зборува, најверојатно ќе кажеше некои невообичаени работи. Откриј во текстот подолу што би можело тоа да биде. Ох! Некои од буквите се измешани. Кога зборот ти изгледа погрешно напишан, види дали можеш да ги прередиш буквите за да има смисла!

**„Време е за чекру! Мислам дека ќе има зиро! Дали некоја крава сака да ми се ужидрпри? Впрочем, вие сте мои јалитепри и јас никогаш нема ве изедам“.**

**В) Ќе пораснеш висок!** На небото, ќе продолжиш да растеш сè додека не ја достигнеш висината на Адам што ја имал кога бил создаден!

**Највисокиот човек во современата историја беше Роберт Ведлоу, кој бил роден на 22 февруари 1918 година. На возраст од девет години, тој можел да се кажува по скали носејќи човек тежок 77 килограми! Кога на возраст од 22 години последен пат бил мерен, тој бил висок 2 метри и 71,8 сантиметри.**

Брзи Факти

**Г) Нема да има потреба од спиење** ***„Ноќ нема да има веќе“ (Откровение 22,5).*** Никогаш повеќе нема да се чувствуваме уморни или исцрпени (Исаија 40,31).

**Д) Ќе можеме да ги посетуваме своите сакани или луѓето од минатото!** Замисли си да се сретнеш со членови од семејството и пријатели кои починале! Каква средба ќе биде тоа кога Исус ќе дојде. Баба ќе изгледа млада и полна со живот! И, зар нема да биде интересно да се разговара со хероите на Библијата, како Ное, Естира, Даниел, Рута, Мојсеј и многу други?

**Одговор:** „Време е за ручек! Мислам дека ќе има ориз! Дали некоја крава сака да ми се придружи? Впрочем, вие сте мои пријатели и јас никогаш нема ве изедам“.

Напиши го своето име на твојата круна долу!

# 7 Какви други благослови ќе има на небото?

Одговор: Ние *„ќе прими*[ме] *венец на живот, што Бог им го ветил на оние, кои го љубат“ (Јаков 1,12)*. И ќе бидеме *„облечени во бели облеки“ (Откровение 7,9)*.

Исус ќе стави на нашите глави златни ________ на животот. Ние ќе добиеме чиста бела ________, која го претставува нашето очистување од гревот.

*„Очите на слепците ќе прогледаат, ушите на глувите ќе се отворат, тогаш хромиот ќе скока како елен, јазикот на немиот ќе воскликнува“ (Исаија 35,5.6).*

Сите недостатоци ќе се исцелат во големото Божје царство. А има и уште многу повеќе! Библијата вели дека ние не можеме ни да си ги замислиме сите големи чудеса кои Бога ги има приготвено за нас на Новата земја!

*„Што окото не виде, што увото не чу, што во човечкото срце не дојде, тоа Бог го приготви за оние, кои го љубат“ (1. Коринќаните 2,9).*



**Брзи факти**

Во 1532 година шпанскиот конквистадор Франциско Пизаро го зароби Атахуалпа, царот на големата империја на Инките. Пизаро го држеше својот затвореник осум месеци во планините на Перу, додека го собираше најголемиот откуп во историјата. Откупот беше да се наполни со злато една соба долга 7, широка 5 и висока 2,5 метри, и две други простории со сребро - буквално кралски откуп! Кога откупот беше доставен, Пизаро го прекрши своето ветување и го уби царот. По некое време, Пизаро беше убиен од сопствените луѓе. Пизаро сакаше богатство овде на Земјата, но изгуби сè.

**Најди ги под ХОРИЗОНТАЛНО скриените богатства што ќе ги има во Божјето царство, а под ВЕРТИКАЛНО најди ги оние нешта што нема да ги има во Божјето царство.**

(За бонус, најди ги ДИЈАГОНАЛНО Библиските херои кои ќе бидат во рајот.)

| ХОРИЗОНТАЛНО | ВЕРТИКАЛНО | ДИЈАГОНАЛНО |
|---|---|---|
| КРИСТАЛ | СМРТ | ДАВИД |
| ЗЛАТО | ПЛАЧ | НОЕ |
| ЈАСПИС | СОЛЗИ | ПАВЛЕ |
| САФИР | ТАГА | МОЈСЕЈ |
| СМАРАГД | ЛАЖГОВЦИ | РУТА |
| БИСЕРИ | БОЛКА | ЕСТИРА |
| КРУНИ | ЃАВОЛ | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| С | О | Л | З | И | Л | М | Ѓ | А | В | О | Л | В | Е | Л |
| Е | Ц | Р | О | Њ | Н | С | К | Ѕ | В | О | О | О | Г | А |
| Е | А | И | Ц | Р | Ѕ | Л | Т | А | Л | П | Н | О | М | Ж |
| К | С | М | Р | Т | О | С | Н | Д | А | В | И | Д | А | Г |
| Р | Т | Т | Е | Б | С | А | П | П | Х | И | Р | Р | С | О |
| И | Х | Х | Х | И | О | Л | Р | А | М | Н | И | А | И | В |
| С | А | Д | Е | Е | Р | Р | У | Ј | А | Т | П | Е | Р | Ц |
| Т | И | Г | Њ | Н | Р | Г | Т | Р | С | Т | А | П | Л | И |
| А | Н | А | Г | Ф | О | П | А | Е | Р | Л | В | У | У | Н |
| Л | У | Р | А | В | С | А | Т | А | Ј | Л | Л | Р | Т | З |
| Т | Р | А | Л | И | А | Е | Х | Т | У | Е | Е | О | Н | Х |
| А | К | М | П | Л | А | Ч | М | Е | Р | А | С | Д | Р | О |
| Г | Е | С | А | Ф | И | Р | Н | А | Т | Р | Њ | Ј | М | Д |
| А | А | Б | У | И | З | Л | А | Т | О | С | Ѕ | И | О | В |
| Ј | Њ | Б | И | С | Е | Р | И | С | Ц | Р | О | Б | Џ | М |




# Што *нема да има* на небото и на новата Земја?

Одговори: А) ***„И ќе ја избрише** [Бог] **секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка“ (Откровение 21,4).***

Ништо нема да ни предизвикува тага на небото и на Божјата Нова земја. Никој никогаш нема да рече дека е болен (Исаија 33,24).

Б) ***„И во него нема да влезе ништо нечисто, ни оној, кој прави нешто гнасно и лажно“ (Откровение 21,27).***

На небото нема да има алкохол, цигари, грешни книги, нечисти филмови, зли компјутерски игри, или лоша музика. Нема да биде дозволено ништо што го осквернува нашето тело и ум. Ќе биде дозволено само она што е чисто и свето. На небото, нема да има ништо што ќе нѐ спречува да бидеме она што Бог сака да бидеме. Ако планираме да живееме во светата небесна атмосфера, мора да се подготвуваме уште денес, живеејќи го нашиот живот за Исус.




*„Хари Потер“, „Господар на прстените“ и „Бафи - убиецот на вампири“ се заштитни знаци на нивните компании.*

# 9 Сака ли Исус и јас да бидам таму? Како можам да бидам подготвен?

Одговор: ***„Одам да ви приготвам место“ (Јован 14,2). „Дојдете… примете го во наследство Царството, кое ви е приготвено“ (Матеј 25,34). „Еве, стојам на вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам при него“ (Откровение 3,20). „Блажени се оние, што ги исполнуваат заповедите негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите“ (Откровение 22,14).***

Исус го подготовува ова прекрасно Царство и за тебе. Со сето свое срце, Тој сака да бидеш таму. Но, прво мора да му дозволиш да биде Цар на твоето срце. Тогаш можеш да го откриеш Божјето царство денес, и да имаш богатство на небото. Исус рече: ***„Зашто царството Божјо е во вас внатре“ (Лука 17,21).***

Ако му дозволиш на Исус да го има твоето срце, Тој ќе те исчисти од сите гревови. Тој ќе ти помогне да го следиш неговиот живот и да ги ***„ДРЖИШ неговите заповеди“.*** Ќе бидеш подготвен да ***„ВЛЕЗЕШ низ портите во градот“*** што Исус го подготвил за оние кои го љубат.

**Еве една песна што го опишува твојот прв ден во рајот.**
**Пополни ги празните места со зборови од листата подолу.**

**автомобили, грижа, дрво, небо, Амин, потроши, очите, вино, мир, насекаде, зоолошка градина, Бога, прегрнуваат, пријатно, солза.**

Мојот прв ден во рајот... ох, што ќе правам?
Има повеќе животни отколку во голема ____________________

Но, нема да има барови, ниту пијани возачи
кои лудо ќе возат со своите ________________

Лавот лежи покрај јагнето во ______

Мојот прв ден во рајот... ох, што ќе слушнам?
Звукот на ангелско крило кое брише нечија _______

Гласни извици на радост, кога најблиските се __________

И најгласно од сè - громогласни благодарности кон _________

Мојот прв ден во рајот... ох, што ќе видам?
Трева позелена од смарагд и со плодови натоварено _______

Бистри води, сјајно цвеќе, златни улици и сино _______

И сите лица ќе зрачат со Божја љубов во _______

Мојот прв ден во рајот... ох, што ќе помирисам?
Нежно, исцелително ветре од кое се чувствувам толку ____________

Раскошен мирис од цветовите кои висат ___________

Храната која Бог, ја подготвил со таква _______

Мојот прв ден во рајот... ох, што ли ќе вкусам?
Маса со прекрасна храна која нема да се ________

Со Исус јас ќе пијам од новото ________

Ќе си јадам слободно од сето она што Бог ќе ми даде. ______!



**Одговор:** зоолошка градина , автомобили, мир , солза, прегрнуваат, Бога, дрво, небо, очите, прија-
тно, насекаде, грижа, потроши, вино, Амин!

# Твојот прв ден во рајот!



Замисли си го само твојот прв ден во рајот! Замисли си како одиш по блескавите улици од злато и пееш со ангелите. Си разговараш со Ное, Давид, Естира, па дури и со твојот ангел-чувар.

Тоа е највозбудливиот ден од твојот живот.

Потоа леташ над сјајните градби на Новиот Ерусалим и слетуваш во едемската градина. Таму здогледуваш блескава зелена трева, дрвја натоварени со овошје и прекрасни цвеќиња. Една убава мала птица слетува на твоето рамо и ја пее најслатката песна. Ниту едно животно не се плаши. Не можеш да им веруваш на своите очи... ***сè*** е толку посјајно и поубаво отколку што си замислувал! Застануваш покрај едно езерце да ги гледаш разнобојните риби како пливаат во кристално-чистата вода. Радост каква што не си почувствувал никогаш порано, го исполнува твоето срце.

Тогаш, една нежна рака се спушта на твоето рамо, се завртуваш и гледаш во лицето на Исус! Тој ти се насмевнува. „Дете мое," - ти вели, „добредојде дома. Толку се радувам што си тука." Со солзи радосници во очите, го прегрнуваш Царот Исус и сè што можеш да изговориш е: „Ти благодарам Исусе, ти благодарам."

Да. Рајот е вистинско место! Исус те љуби и умрел за твоите гревови, за да може да ти биде простено и за да можеш засекогаш да живееш со Него. Тој има едно место резервирано само за тебе, и ќе му биде жал ако не бидеш таму, со него.

10

**Ќе го поканиш ли Исус во своето срце денес, за да почнеш да се приготвуваш да живееш со него засекогаш? ________**




# Како да се подготвам за Божјето царство?



1. Секојдневно предавај му го својот живот на Исус и читај го неговиот Збор.
2. Размислувај за Исус и труди се да постапуваш како него во текот на денот.
3. Барај помош од Бога кога донесуваш одлуки, за да тие му бидат нему на чест.
4. Отстранувај се од световните забави, книги, музика, облека, па дури и пријатели кои те одвлекуваат настрана од Христа. Ако некој или нешто те поттикнува да ја губиш желбата за читање на Библијата, тогаш тоа не ти помага да се подготвуваш за Рајот. Примени го текстот од Филипјаните 4,8 и Псалм 101,3 на твојата активност.
5. Сподели го со некој пријател она што го прочита во Библијата. Тоа ќе ти ја направи Библијата уште пореална.

***Уживаше ли во оваа возбудлива лекција?*** Искрено се надеваме дека е така! А сега одвој малку време да ги решиш **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со црвена боја.

**1. Во Божјиот златен град ќе има: (4)**

○ а) осум темели од камен и бетон
○ б) златни улици
○ в) ѕидови од јаспис
○ г) дванаесет темели од скапоцени камења
○ д) четири порти од мермер
○ ѓ) дванаесет порти, секоја од нив - еден огромен бисер

**2. Божјиот град ќе: (1)**

○ а) лебди во вселената
○ б) слезе од небото на Земјата
○ в) биде засекогаш на небото

**3. Гревот и грешниците од овој свет: (1)**

○ а) ќе живее вечно надвор од градот
○ б) ќе изгорат до пепел и никогаш повторно нема да оживеат
○ в) засекогаш ќе горат, за да можеме да ги гледаме

**4. Земјата ќе биде: (3)**

○ а) повторно создадена и совршена за Божјиот народ
○ б) засекогаш едно опустено и разрушено место
○ в) очистена од секој грев
○ г) центар на Божјето владеење

**5. Што ќе го осветлува градот? (1)**

○ а) Исус, Јагнето Божјо!
○ б) огромни светилки во секоја соба
○ в) Сонцето

**6. Најубавото нешто на небото и на Новата Земја ќе биде: (1)**
*(избери го најдоброто)*

○ а) дека ќе бидеме многу богати
○ б) питомите лавови кои нема да нè повредуваат
○ в) Бог Отецот и Исус ќе живеат со нас
○ г) нема да мора да се возиме со автобус до училиште
○ д) нема да мора да одиме на спиење
○ ѓ) 12 вида овошје на едно дрво

**7. Обележи со „Т“ за точно и со „Н“ за неточно на изјавите за небото и Новата Земја: (8 се точни)**

___ а) Животните и луѓето ќе бидат пријателски расположени едни кон други и ќе живеат во мир.

___ б) Бог ќе создаде нова трева, дрвја, животни и птици.

___ в) Волците ќе јадат само јагниња, но не телињата или луѓе.

___ г) Исус ќе живее со нас секојдневно.

___ д) Змиите никогаш не ќе повредат никого.



___ ѓ) Дрвото на животот ќе ги излекува сите оние ќе бидат каснати од животни.
___ е) Ќе има посебен дел за пушачи и посебен за непушачи.
___ ж) Животните, како лавот, ќе јадат трева наместо на други животни.
___ з) Ништо што е нечисто не ќе биде таму.
___ ѕ) Ќе останеме со иста висина како што сме тука на Земјата.
___ и) Таму никој нема да биде слеп, глув или со друг недостаток.
___ ј) Исус на секого од нас ќе му даде сјајна круна и бела облека.

# Твои коментари:

**8. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**9. Дали сакаш да се подготвиш да живееш со Исус во прекрасниот град кој Тој го подготвува за тебе?**

____________

**Одговор:**

1. Во Божјиот златен град ќе има:
**б)** златни улици
**в)** ѕидови од јаспис
**г)** дванаесет темели од скапоцени камења
**ѓ)** дванаесет порти, секоја од нив еден огромен бисер

2. Божјиот град ќе:
**б)** слезе од небото на Земјата

3. Гревот и грешниците од овој свет:
**б)** ќе изгорат до пепел и никогаш повторно нема да оживеат

4. Земјата ќе биде:
**а)** повторно создадена и совршена за Божјиот народ
**в)** очистена од секој грев
**г)** центар на Божјото владеење

5. Што ќе го осветлува градот?
**а)** Исус, јагнето Божјо!

6. Најубавото нешто на небото и на Новата Земја ќе биде:
**в)** Бог Отецот и Исус ќе живеат со нас.

Обележи со „Т" за точно и со „Н" за неточно на изјавите за небото и Новата Земја:
**Т - а)** Животните и луѓето ќе бидат пријателски расположени едни кон други и ќе живеат во мир.
**Т - б)** Бог ќе создаде нова трева, дрвја, животни и птици.
**Н - в)** Волците ќе јадат само јагниња, но не телињата или луѓе.
**Т - г)** Исус ќе живее со нас секојдневно.
**Т - д)** Змиите никогаш не ќе повредат никого.
**Н - ѓ)** Дрвото на животот ќе ги излекува сите оние ќе бидат каснати од животни.
**Н - е)** Ќе има посебен дел за пушачи и посебен за непушачи.
**Т - ж)** Животните, како лавот, ќе јадат трева наместо на други животни.
**Т - з)** Ништо што е нечисто не ќе биде таму.
**Н - ѕ)** Ќе останеме со иста висина како што сме тука на Земјата.
**Т - и)** Таму никој нема да биде слеп, глув или со друг недостаток.
**Т - ј)** Исус на секого од нас ќе му даде сјајна круна и бела облека.

Твоето име и презиме ______________________________

Твојата адреса ______________________________

Одобрение од родител / старател ____________________ ____________
*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:
**Дописна Библиска Школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**